РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5071/2
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-5071/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5071/1 од 15.11.2021 година.
Предметот со број 08-5071/1 од 15.11.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-5071/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во Службен весник на РСМ број 190/21, ДКСК утврди дека лицето ____________________ на ден 30.07.2021 година е разрешена од функцијата член на управен одбор на ________________________________________ .
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека ________________________, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднела анкетен лист до ДКСК, со што сторила прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.
Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а не поведена прекршочна постапка против сторителот ниту е преземено дејствие за гонење на сторителот, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК